Macedonian | Македонски

# Помогнете нѝ нашите станари да ги одржиме безбедни и здрави

**Здравјето на станарите е наш врвен приоритет.**

**Ние сме посветени на тоа да обезбедиме да ја добиваат потребната нега и поддршка 24 часа дневно, секој ден во годината.**

## 1

## Што се случува ако некој се разболи ноќе или за време на викенд?



- Имаме многу опции да обезбедиме помошта да е брзо достапна.
- Имаме на располагање медицинска сестра, плус директни врски со доктори, други медицински сестри, аптекари, болници и служба за итна помош.
- Можеме да користиме “telehealth” - телефонски и видео повици - за веднаш да побараме стручен совет, наместо да чекаме да дојде доктор да пружи нега.
- Патувањето до болничко одделение за итни случаи (emergency department) може да предизвика стрес, па затоа кога е можно докторите и медицинските сестри ќе се грижат за болните станари во нивните соби.
- Ако сте наведени како лице за контакт во итни случаи , ќе ви се јавиме ако има причини за загриженост.

phn NORTH WESTERN MELBOURNE
An Australian Government Initiative
Ambulance Victoria
Virtual Emergency Department

## 2

## Како вие можете да помогнете?



- Разговарајте со нас за да обезбедите дека податоците на докторот по општа пракса (GP) и други контакти се точни. Заедно со вас можеме да направиме план за нега после работно време (after-hours care).
- Кога ќе го однесете станарот на здравствен преглед, ве молиме побарајте да ви дадат извештај за лекувањето (treatment summary) и дајте нѝ го кога ќе се вратите.
- Ако станарот има план за идна нега (advance care plan) или некој е наименуван да дејствува во негово име, обезбедете да ги имаме тие податоци.

## 3

## Што друго можете да направите?



- Разговарајте со станарот за план за идна нега (advance care plan), за да обезбедите дека неговите желби се почитувани.
- Ако е потребно, разговарајте за подготвување полномошно (power of attorney) или за наименување на лице кое ќе донесува одлуки за медицински третман (medical treatment decision-maker).
- Разговарајте со нас за да обезбедите дека ги имаме сите информации потребни за давање најдобра севкупна нега на вашиот станар.
- Има некои опции за третман што може да се нови за вас. Размислете да ја посетите веб-страницата на Викториското виртуелно одделение за итни случаи (**ved.org.au**) и на веб-страницата на Министерството за здравство (**health.vic.gov.au**) видете за "residential in-reach services".